не бил голем, живинарството не можело да се смета како стопанска гранка итн. (226—240). Кралството Србија по Балканските војни покажувало посебен интерес за просветната политика во Македонија бидејќи таа требала да го доведе до неговите крајни цели-асимилација и денационализација на младите македонски поколенија (241—276). Последната статија која Глигор Тодоровски ја донесува во оваа книга се однесува на активноста на Душан Цекиќ и работничкото и социјалистичко движење во Македонија до крајот на Првата светска војна (277—299).

Вториот дел од книгата наречен „Документи" започнува со еден документ од 1901 година за обидите на Борис Сарафов за воспоставување врски со официјална Србија (303—312), кој е проследен со коментар на авторот. Врз истиот принцип е преданен и следниот документ, а кој се однесува на состојбата на Македонците-печалбари и бегалци пред и по Илинденското востание (313—330), во чиј контекст се приложени и пет факсимили од оригинали на документот. Следуваат документи за активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание (331—351), а натаму е интерпретирано навлегувањето на големосрпската пропаганда во стопанството на Македонија по Илинденското востание (352—366). Податоците за Крсте Петков Мисирков (367—377) се збогатени со три факсимила на оригинални документи, а факсимили среќаваме и во документите за состојбата на Муацирите во Македонија (1906—1911) каде што се застапени повеќе писма од српски конзули и пратеници во Македонија до Министерството за надворешни работи на Кралството Србија (378—399). Низ документите од српските извори во периодот 1908—1910 година проследен е животот и активноста на Јане Сандански (400—430). Младотурската акција за разоружување во Македонија низ документи од српски извори (1909—1910) авторот ја пропратува со поширок коментар (431—452). Тодоровски во ова дело ги објавува и новите документи за активноста на Душан Цекиќ (453—473), како и извештаите за Тетовскиот округ од 1913 година (474—498) и за Битолскиот округ од истата година (499—516). Последниот прилог во овој дел се однесува на просветната политика на српското Кралство во Македонија (1912—1915), со што се заокружува и оваа целина (517—554).

Натаму Глигор Тодоровски презентира прилог кон библиографијата за големосрпската пропаганда во Македонија до Балканските војни (555—564), за да заврши со регистри на лични имиња (565—572) и на географски поими (573—580).

Имајќи предвид дека сите овие прилози, како што спомнавме, досега се објавени поединечно, авторот на крајот од секој од нив ги дава основните податоци за првичното објавување.

Завршувајќи би рекле дека и ова дело на Глигор Тодоровски ја покажува ширината на српско-македонските односи во минатото, како и нивната актуелност денес.

Катерина ТОДОРОСКА

УДК 929: 949.717.06 (049.3)

**Христо Андонов — Полјански, ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, Истарска наклада, Пула 1985, 239**

По повод осумдесетгодишнината од загинувањето на Гоце Делчев (1903—1983), книгоиздателството „Истарска наклада" од Пула издаде јубилејно издание посветено на апостолот и идеологот на македонското револуционерно движење Гоце Делчев од д-р Христо Андонов — Полјански, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

**Христо Андонов — Полјански** е најшиот најдобар познавач на Гоцевото грандиозно дело, кој досега објавил повеќе книги и статии посветени на оваа видна и маркантна фигура во поновата историја на Македонија. Во ова негово најново навраќање кон личноста и делото на овој великан, авторот дава еден синтетизиран оглед, со вредносна тежина и со илустративен показ, за животот и дејноста на оваа стамена личност од крајот на XIX и почетокот на XX век. Сето тоа тој го прави мошне умешно поврзувајќи го Гоцевиот животен пат со спектарот на бурните настани што ја возбудувале и потресувале тогашна Македонија.

И не случајно, ползувајќи ја оваа пригода, во мошне кусиот предговор кон ова издание, авторот меѓу другото, ќе забележи: „Појдувајќи од овој величествен Гоцев ден, кога го изразуваме нашиот длабок пиетет, должната и признателна почит кон овој голем син на македонскиот народ, сакаме уште поавтентично да го откриеме и да го определиме неговиот светол лик, во перспективите на времето да го означиме сето она што го карактеризираше него како вистински народен предводник, како истакнат трибун на македонската самостојност и самобитност, чијшто животен пат и позив беше животворно „вткаен во пространата историја на македонското ослободително дело“.

Во воведот авторот дава аналитички и критички осврт на Гоцевото дело и личност, исцело посветени на македонската националноослободителна борба, кои што стана предмет на истражувања и проучувања сред македонскасската, југословенската, балканската и светската историографија и публицистика.

Во целината „Македонија — патот кон непокор“ Полјански дава пресек на општествено-политичките прилики, компоненти и претпоставки на отпорот кои што сведочеа за превирањата и револуционерната атмосфера во Македонија непосредно пред организационото оформување на македонското националноослободително движење, на кое што Делчев и неговите следбеници му дадоа посебен белег.

Биографијата на Гоце Делчев што започнува со неговото раѓање во револуционерното гратче Кукуш е синтетизирано дадена во „По врвиците на револуционерната подготвеност“ со исцрпни податоци за неговиот животен пат, членовите на неговото потесно семејство, неговите ученички години и учеството во револуционерните кружоци во Солун, запишувањето на вое но то училиште во Софија и сл. Идеолошката подготовка и интелектуалниот развиток на Гоце минуваше низ неколку етапи. Од основното училиште во родното место до Солунската гимназија, а од таму во Военото училиште во Софија. Во Софија дијапазонот на неговиот интерес се проширува и неговиот хоризонт веќе се разбиструва по низа прашања, посебно од областа на филозофските, социјалистичките и политичките доктрини.

Наоѓајќи се на револуционерното поприште неговата учителска и просветителска дејност ќе остават длабоки траги во паметењето на народот и ќе ги обедини со револуционерната агитација, просветувајќи ја младината и возрасните, а во исто време, подготвувајќи ги за револуционерна борба.

Со посебна љубов и патос авторот го обработува Гоцевото револуциоанерно дело, суштината на неговата националноослободителна идеја и формирањето на неговиот политички светоглед, како и неговиот авторитет пред неговите другари и Организацијата, чија што неуморна дејност беше насочена кон одбрана на слободата и вистината за Македонија. Проникнат во духот на револуционерните идеи, Гоце се обидуваше на оваа немирна македонска почва да ја определи линијата на борбата против османската власт, барајќи слобода за сите обесправени и потиснати маси, без разлика на вера и народност.

Трагичната погибел на Гоце Делчев токму во цутот на него-

вата младост и зрелост да ги реализира своите планови за ослободување на својот напатен народ, како и на другите народности што живеат во Македонија, му го донесоа ореолот на признание, почит и памтење. И не случајно тој стана легенда, симбол на храброст, гордост, непокор и непребол за идните македонски генерации, вткајувајќи и врежувајќи се длабоко во свеста на македонските народни маси. А колкава била широчината на Гоцевата мисла и дело може да се види и од неговата длабоко филозофска визија „јас го разбирам светот како единствено поле за културен натпревар меѓу народите" чијшто одзвук во Македонија, на Балканот и пошироко има космополитска димензија.

Обработувајќи го Гоце Делчев од сите можни аспекти, Хр. Андонов — Полјански не пропуштил да го забележи и автентичниот одраз на делото на Делчев во македонското народно и уметничко творештво. Во овој монографски приказ на дејноста на овој заслужен македонски син и трибун среќаваме неколку народни песни како и извесен број на уметнички остварувања од страна на македонски поети. Гоце Делчев го привлече вниманието и на голем урој прозаисти, ликовни уметници, музичари, претставувајќи неисцрпен вруток за идни остварувања.

Ова мошне луксузно издание, чијшто текст наизменично е проследен со фотографии од животот и дејноста на овој великан, потоа фотографии од членови на неговото семјство, видни македонски револуционери и дејци, местата каде што Гоце се школувал и учителствувал, разни револуционерни чети, уметнички портрети, свечени академии и посветени на неговиот живот и дело, насловни страници на книги, статии во весниците и списанијата што излегувале во земјата и во странство, имиња на улици, институции и сл., доволно ни даваат за право да заклучиме дека оваа фотомонографија може да го задоволи вкусот и на пошироката читателска публика. И кога на ова ќе му го додадеме и фактот дека поголемиот дел од фотографиите се нови (бидејќи дел од нив се објавени во шесттомното издание за Гоце Делчев од истиот автор), јасноста и елоквентноста на авторовиот стил, ползувањето на мошне богатите архивски материјали, спомени, печат и др., ова фотомонографско издание претставува придонес за нашата историографска наука и современа научна мисла.

Благој СТОИЧОВСКИ

УДК 949.707.06/.09(082)(049.3)

## ПРИЛОЗИ ЗА ИЛИНДЕН VI, КРУШЕВО, 1987, 197, 8°

Зборник на трудови поднесени на тркалезната маса одржана во Крушево (на 2 и 3 октомври) во рамките на Научно-културните средби „Десет дена на Крушевската Република", посветена на ослободителната борба на македонскиот народ непосредно пред фашистичката агресија на Балканот (1937—1941). Во Зборникот се содржани 16 прилози и дискусии на учесниците. На крајот е даден регистер на имиња на лица и на места што го поедноставува неговото користење. Во застапените трудови се обработуваат и осветлуваат бројни суштествени прашања од предметната проблематика.

Д-р Иван Катарџиев пишува за карактеристиките во развојот на македонското националноослободително движење спроти фашистичката агресија на Балканот. Следејќи го континуитетот на неговиот развиток по Париската мировна конференција и санкционирањето на поделбата на Македонија пишува дека во новосоздадените услови македонското